ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 14.1.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-3712/2 од 2.5.2024 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во член 8 став 1, по алинејата 18 се додава нова алинеја 19 која гласи „маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување".

Алинеите 18, 19, 20, 21 и 22 стануваат алинеи 19, 20, 21, 22 и 23.

2. Во член 43 став 5, зборовите „и на Одборот за ревизија" се бришат.

3. Во член 53 став 3, точка 10, по зборот „годишниот“ се додаваат зборовите: „и стратешкиот".

4. Во член 65 во став 2 зборовите "лицето за обезбедување на сигурност на информативниот систем" се заменуваат со зборовите "Служба за сигурност на информативниот систем".

5. Во член 65 став 6, алинеја 3 се менува и истата гласи:
„Основање и престанување на организациони делови, односно на филијали, експозитури, шалтери, подружници и претставништва во странство.

6. Во член 74 став 2, кратенката „ОСИС" се заменува со „Служба за сигурност на информативниот систем".

7. Во член 77 став 2, по зборовите „раководител на служба" се става точка, а зборовите „и ОСИС – лицето за безбедност на информативен систем" се бришат.

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на акционери на Банката и по издавањето претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

_______________________________

**О б р а з л о ж е н и е**
**на потребата за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје**

Со Одлуката бр. 02-9314/3 од 29.11.2024 година за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје (пречистен текст) бр. 02-3712/2 од 2.5.2024 година се вршат измени и дополнувања на Статутот коишто се однесуваат во делот на финансиската активност и организациските промени.

Во членот 8 од Статутот се додава нова финансиска активност во активностите на Банката, односно „маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување".

За таа цел, Банката отпочна постапка и доби претходна согласност, Решение бр. 15-26604/5 од 17.10.2024 година од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија, за вршење на финансиската активност „маркетинг на капитално финансирано пензиско осигурување".

Организациските промени се однесуваат на формирање Служба за сигурност на информативниот систем опфатено во чл. 74 и 77 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

Со овие измени и дополнувања направени се и други измени во текстот на Статутот во насока на негово унапредување, прецизирање и појаснување на одредби и целосно усогласување со позитивната регулатива.

Во согласност со наведеното, се наметна потребата за измена на Статутот, заради што се предлага Собранието на акционери на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

**Управен одбор**